АВГУСТ 2023 | БРОЈ 5

# ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС

*Билтен*

НОВОСТИ И РЕПОРТАЖИ:

**стр. 1 - Повторно обединети за рисот**
**стр. 2 - Документарец за уличните кучиња**
**стр. 3 - Истражување со фотозамки и неинвазивно собирање примероци во јадровото подрачје на балканскиот рис**
**стр. 4 - Тече истражувањето за ставот на луѓето кон крупните месојади за 2023 година во Албанија, Северна Македонија и Косово**
**стр. 5 - БЛРП го прославува Денот на рисот**
**стр. 6 - Словенечките искуства за крупни месојади претставени на македонските чинители**
**стр. 7 - Предлог за вклучување на евроазискиот рис и балканскиот рис на Прилозите кон Конвенцијата за миграторни видови**


© LL/BLRP

## ПОВТОРНО ОБЕДИНЕТИ ЗА РИСОТ

*Автор: Лиса Лешински*

Тимот од Програмата за закрепнување на балканскиот рис (БЛРП) неодамна, од 19–22 јуни имаше средба во Пеќ, Косово. Состанокот во живо беше значаен за еден ваков прекуграничен проект, каде членовите на Програмата имаа прилика да продискутираат за проектот.

На состанокот учествуваа и нови членови, со кои дополнително се збогати заемната соработка. Годинава се оформија две работни групи, и тоа, Работна група за комуникации и Работна група за политики. Првиот ден се дискутираа токму овие теми, каде Ксенија Путилин го претстави остварениот напредок со документите од стратегијата за комуникации, а Бруна Кампос имаше информативно излагање за лобирање и политики.

Вториот ден се организира возбудлива посета на волшебниот национален парк „Проклетие“. Локалниот тим од ЕРА го прошета тимот на БЛРП низ паркот, а сите имаа привилегија да посведочат за неверојантиот предел, кој е дом на барем една единка од балканскиот рис.

Самиот состанок беше навистина конструктивен. Работната група за комуникации се зближи, а тоа овозможи засилена соработка и синергија. Згора на тоа, третиот ден направивме опсежен осврт на тековните активности, и така одредивме задачи и цели за претстојната година. Средбата му овозможи на тимот зацврстување на заемните односи и потврда на заложбата кон заедничката визија на проектот.





Фотографии од Партнерскиот состанок на БЛРП во јуни 2023 г

# ДОКУМЕНТАРЕЦ ЗА УЛИЧНИТЕ КУЧИЊА

*Автор: Диме Меловски*

Поради постојаниот „дотур“ и зголемениот број улични кучиња во Македонија, проблемот сè повеќе го засега дивиот свет, општо, и балканскиот рис, поконкретно. Утврдивме три начини како уличните кучиња му наштетуваат на дивиот свет: 1) некои улични кучиња образуваат глутници кои ловат копитари и помал плен, и така дополнително го загрозуваат домашниот животински свет; 2) уличните кучиња мршојадат од пленот на други месојади. Неколкупати документиравме плен од балкански рис кој го јадат кучиња; 3) кучките може да се парат и со мажјаци волци, а тоа води до хибридизација со која ќе се промени природниот изглед и однесувањето на волкот. За да го нагласиме овие проблеми и да ја подигнеме свесноста кај македонските власти и кај јавноста, направивме документарен филм насловен како „Дивина“, кој се состои од 3 епизоди. Документарецот беше подготвен во соработка со Институтот за комуникациски студии.

Првата епизода, „Опасност за рисот“, дава вовед во проблемот и нуди можно решение: https://www.youtube.com/watch?v=fpzD6Y0lI4k&t=1s

Втората епизода, „Судир на закони“, разгледува можни решенија во другите европски земји. Во разговор со истражувач од Романија, Теодора Син, дознаваме како Романците се справуваат во проблемот и какви законски измени се потребни за да се реши проблемот: https://www.youtube.com/watch?v=OSQzec0rpUQ

Третата епизода, „Одговорноста на човекот“, се фокусира на хибридизацијата на кучето и волкот. Разговорот со Претседателот на Иницијативата за крупни месојади за Европа, Луици Боитани, во голема мера се осврнуива на оваа појава, улогата што волците ја играат во екосистемот, но и на сериозноста на проблемот во Италија и големото разидување помеѓу научната фела и организациите за заштита на животни: https://www.youtube.com/watch?v=T_0vFds9o4E

# ИСТРАЖУВАЊЕ СО ФОТОЗАМКИ И НЕИНВАЗИВНО СОБИРАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ВО ЈАДРОВОТО ПОДРАЧЈЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС

*Автори: Диме Меловски, Мелитијан Незај, Илир Шути*

Систематското истражување со фотозамки во јадровото подрачје на балканскиот рис, НП „Маврово“, претставува една од најважните активности од Програмата за зачувување на балканскиот рис. По дебаклот од минатата систематска сесија во 2021 г., каде фотографиравме само 4 единки рис, и по перспективната несистематска сесија лани, овогодинешната сесија беше мошне важна за да утврдиме кои рисови се сѐ уште присутни во подрачјето, но и да ја одредиме густината во паркот и околината. Годинава одбравме 40 наместо вообичаените 30 локации во Маврово заради поголема веројатност повеќепати да сликаме рис и со тоа да оствариме подобра статистичка анализа. На сите 40 локации имаше по две камери поставени една спроти друга за да добиеме побројни квалитетни фотографии и полесно да ги одредиме единките. Фотозамките беа поставени од средината на февруари до втората половина на април, имајќи за цел секоја да оствари 60 дена на терен. Според резултатите, утврдивме осум единки фотографирани на 13 од вкупно 40 локации во паркот. Резидентните рисови Б38, Б30, Б41 и Б25 сѐ уште го населуваат паркот, заедно со рисицата Атице, која првпат ја сликавме пред десет години, а со околувратник ја означивме во 2020 г. Лиса и Нарциса, пак, соседните женки кои исто така добија околувратници во 2020 г., годинава ги немаше на сликите. Пропратно со истражувањето со фотозамки, МЕД спроведе и процена на густината на див зајак на четири локации во Маврово. Мари Бусхотс, стажантка од Белгија, беше одговорна за целосна реализација на студијата: конципирање, теренска работа, анализа и известување. Одбравме напуштени и активни места близу села, каде зајакот пасе. На наше задоволство, утврдивме речиси девет зајци на квадратен километар, а тоа значи храна во изобилство за балканскиот рис. Исто така, во текот на десет дена собиравме примероци од рис за претстојниот генетски мониторинг.

За таа цел, поканивме двајца колеги од Словенија, Урша Флежар и Тереза Оливиера, ангажирани на динарскиот проект „Лајф линкс“. За оваа активност клучно беше дресираното куче на Урша, Руби, кое најде повеќе знаци од рис: измет, остатоци од плен и влакна од рис по дефинирани трансекти и на три места со уловен плен од рис. Собраниот материјал ќе биде испратен во Љубљана за понатамошна генетска анализа. Како и досега, за теренската работа, во поглед на логистика на терен и помош од ренџерската служба, поддршка имавме од НП „Маврово“. Со сите волонтери, стажанти и колеги однадвор имавме успешна и забавна сесија.




Интензивната сесија за фотозамки во Албанија се одвиваше на 30 локации, повеќето паркот на природа „Мунела“. ППНЕА мониторингот го спроведе во соработка со Управата за заштитени подрачја, и тоа од декември 2022 до мај 2023. Една камера беше оставена на терен до јуни, на место каде пронајдовме плен од рис. На сесијата фотографиравме две единки од балкански рис. Од дванаесетте локации добивме вкупно 89 слики. Од прелиминарните податоци од терен, утврдивме изобилство од плен, и тоа, срна, див зајак и лисица. По биокоридорите што ги користи рисот забележавме присуство и на други месојади – мечка, волк и шакал. Во текот на сесијата собиравме и генетски материјал. Собравме вкупно 14 примероци (13 примероци од измет и 1 од плен). Собраниот материјал е зачуван за понатамошна анализа.

# ТЕЧЕ ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА СТАВОТ НА ЛУЃЕТО КОН КРУПНИТЕ МЕСОЈАДИ ЗА 2023 ГОДИНА ВО АЛБАНИЈА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОСОВО

*Автори: Александар Трајче и Бледи Хоџа*





"На почетоците на Програмата за закрепнување на балканскиот рис (БЛРП), од 2007–2009 година, го спроведовме првото Истражување за ставот на луѓето кон крупните месојади, во планинските предели во Албанија и Македонија. Врз основа на мислењето на мештаните, преку прашалници во комуните и општините со крупни месојади, стекнавме сознанија за ставот кон крупните месојади, како и за присуството, распространувањето, штетите и управувањето со нив. Ова ни беше од огромна полза при одредување значајни подрачја за балканскиот рис, пленот, другите крупни месојади, како волкот и мечката, но и во конципирањето цели за спречување на заканите и закрепнување на популацијата на балканскиот рис на Балканскиот Полуостров.

Второто вакво истражување е во тек, а сега првпат се вклучува и Косово. Прашалникот е развиен според истражувања за испитување на човековите ставови во други европски земји. Александар Трајче, експертот на ППНЕА за истражување на ставовите на луѓето кон крупните месојади, го подготви првиот нацрт на прашалникот на почетокот од 2023 г., а го финализира по фидбекот што го доби за време на работилницата на 23–24 февруари во Тирана.

Осумнаесет волонтери, студенти и членови од БЛРП од три земји стекнаа обука за спроведување на прашалникот на терен.

Прашањата се поврзани со општи теми, како ставови, верувања, познавање на видовите, управување, лични искуства и социо-демографски информации. Но, во тековната верзија на прашалникот вметнати се и прашања околу зајакнувањето на популацијата. Ставовите се бодуваат со помош на Ликертова скала, и тоа од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам).

Целта ни е во секоја земја да постигнеме најмалку 400 прашалници, а притоа да оствариме и еднаква родова застапеност. Анкетираме лица над 18 години и тоа во живо. Анкетирање преку интернет не сакаме поради слабата мрежна покриеност во руралните места. Анкетата е преведена на соодветниот јазик.

Од април 2023 г., експертите и волонтерите се на терен и анкетираат во регионите од трите земји каде е присутен балканскиот рис. Се очекува оваа фаза од истражувањето да заврши во декември 2023 г. Потоа експертите ќе ги анализираат податоците, а резултатите ќе бидат вклучени во проценатa на изводливоста и анализата на ризиците – стратешки документ кој ќе помогне во генетското зајакнување на популацијата на балканскиот рис.

# БЛРП ГО ПРОСЛАВУВА ДЕНОТ НА РИСОТ

*Автори: Александар Павлов и Диме Меловски*

Македонското еколошко друштво (МЕД), една од организациите во државите каде има балкански рис, денот го одбележа во сафари-паркот во Бунец. Гости ни беа шестоодделенците од основното училиште „Кочо Рацин“, училиште што се наоѓа надвор од подрачјето на рисот. Овојпат намерно одбравме вакво училиште, зашто сакавме да овозможиме едукативни активности и за учениците надвор од територијата на рисот. Триесет љубопитни глави се упатија на тура низ Бунец, каде претставници на НП „Маврово“ и МЕД ги водеа низ волшебниот див свет, ишаран со приказни за балканскиот рис. Бевме возбудени дека децата нè „нападнаа“ со прашања, а ние задоволно одговаравме. Низ криенка со активен околувратник си игравме „рисови“. Целта беше да се пронајде скриениот волонтер користејќи антена и приемник. Совршена игра за терен! На крајот од турата, учениците имаа задача да се раштркаат наоколу и да пронајдат живи примероци или знаци од разни растенија и животни. Така тие ќе го увидат богатото разнообразие на дивиот свет и како сè е поврзано. А и ќе сфатат дека националните паркови се потенцијални жаришта на биолошка разновидност.

Во рамки на едукативниот пакет, Денот на рисот го прославивме и со првоодделенците од основното училиште „Лазо Ангеловски“ од Скопје, со кои веќе имавме активности. Околу 150 ученици ја посетија планината Водно, близу Скопје, каде баравме дрво за поставување фотозамка. По пријатното пешачење, децата поставија фотозамка и се сликаа глумејќи мечки, волци, рисови, зајци, па и лисици. Пресреќни беа кога ги прегледуваа сликите, а попатно и го разгледуваа моделот од череп на рис. Најпосле, се поделивме во две групи и игравме криенка со антена и приемник. Задоволни од наученото, децата си имаа и убав пикник со грицки и омилени игри.






# СЛОВЕНЕЧКИТЕ ИСКУСТВА ЗА КРУПНИ МЕСОЈАДИ ПРЕТСТАВЕНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЧИНИТЕЛИ

*Автор: Александар Павлов*

Со тридневна студиска посета не се постигнуваат чуда, но од вакви вредни искуства може да се научи многу! Во периодот 24–26 мај, Заводот за шумарство на Словенија беше домаќин на претставници од македонските институции кои се битни за зачувувањето на балканскиот рис, каде споделија знаење и ги претставија моменталните прилики во ловството, шумарството и заштитарството. Студиската посета ја организира Македонското еколошко друштво.

При една таква исполнета агенда, учесниците, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, и Јавното претпријатие „Национални шуми“, имаа единствена можност да обработат низа теми – а сите на некој начин го зачувувањето на балканскиот рис.

Првиот ден учесниците си ја претставија работата. Словенечките претставници дадоа преглед на работата и организацијата на тамошниот Завод за шумарство, управувањето со шумите и ловот во земјата, но и спроведувањето на проектот „Лајф линкс“. Македонската страна ги претстави состојбите во земјата, преку живописни излагања за организацијата и тековните активности во споменатите институции.

Вториот ден се засноваше на теренски посети. Започнавме со Центарот за крупни месојади „Дина Пивка“ – креативно средиште за прекугранична соработка за крупни месојади помеѓу Словенија и Хрватска и простор преку кој кај јавноста се подига свесноста за тоа колку се важни овие животни.

Потоа го посетивме мирното селце Јуршче, каде локален сточар ни сподели искуства за спречување штети од крупни месојади и користење овчарски кучиња.

Така стекнавме претстава за животот на овчарот. Оттаму се упативме кон прекрасната шумска куќа во Машун, која е сега музеј на крупни месојади. Таму нè пречека Претседателот на ловното друштво од ловиштето „Јелен“ и ја објасни состојбата со ловот во Словенија. Потоа попешачивме едукативната шумска патека во Машун – креативно изведен простор каде образовните содржини „наѕираат“ низ буковиот природен простор. Денот го завршивмке со посета на Приват, осамена шумска куќарка која е често посетувана од рисови и мечки, кои таму се тријат. Оваа куќарка ја користат истражувачите од проектот „Лајф линкс“, за фотозамки и мониторинг на рисот.

На последниот ден го посетивме величенствениот национален парк „Триглав“, најпрвин во нивните канцеларии на состанок со директорот на паркот и со ренџерската служба. Оттаму отидовме во капацитетите за чување рисови во Покљука, каде ни објаснија околу методите за директно и постепено ослободување единки во природа, како дел од тамошниот проект за реинтродукција на рисот.

Вакви посети нудат огромна полза за важните чинители, бидејќи така се стекнуваат битни сознанија за понепознатите аспекти од заштитарската работа. Само преку соодветно информирање и транспарентност би можеле да добиеме институционална поддршка и широка заложба за да се спаси балканскиот рис.



© MES/BLRP

# ПРЕДЛОГ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЕВРОАЗИСКИОТ РИС И БАЛКАНСКИОТ РИС НА ПРИЛОЗИТЕ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА МИГРАТОРНИ ВИДОВИ

Македонија, како предлагач, и Узбекистан, Босна и Херцеговина и Албанија, како копредлагачи, поднесоа предлог за вклучување на евроазискиот рис (Lynx lynx) на Прилог II и балканскиот рис (Lynx lynx balcanicus) на Прилог I од Конвенцијата за миграторни видови: https://www.cms.int/bukhara-deer/sites/default/files/document/cms_cop14_doc.31.4.1_listing-proposal-lynx-lynx_e.pdf

Одлука ќе се донесе на 14. Состанок на конференцијата на земји потписнички, кој ќе се одржи во февруари 2024 г., во Самарканд, Узбекистан.



## Програма за закрепнување на балканскиот рис
## (Balkan Lynx Recovery Programme - BLRP)

„Програмата за закрепнување на балканскиот рис” е партнерски проект помеѓу фондацијата Еуронатур - Германија, организацијата КОРА - Швајцарија, Македонското еколошко друштво, ППНЕА – Албанија и ЕРА – Косово.

Повеќе информации на:
https://www.facebook.com/balkanlynx



BLRP

Environmentally Responsible Action

PPNEA
PROTECTION AND PRESERVATION OF NATURAL ENVIRONMENT IN ALBANIA
•SINCE 1991•

MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

KORA
RAUBTIERÖKOLOGIE UND WILDTIERMANAGEMENT

euroNATUR

Изработува: EuroNatur Foundation Westendstraße 3 78315 Radolfzell Germany info@euronatur.org